# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Петок, 5 мај 2000
Скопје
Број 34 Год. LVI

Претплатата за 2000 година изнесува 7.800 денари. Овој број чини 150 денари. Жиро сметка 40100-603-12498


**1913.**

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за заштита на растенијата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 25/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.04.2000 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ НА КОИ ЌЕ СЕ ВРШИ УВОЗ, ИЗВОЗ И ТРАНЗИТ НА РАСТЕНИЈАТА, РАСТИТЕЛНИТЕ ПРОИЗВОДИ И СРЕДСТВАТА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА

Член 1

За вршење на здравствена контрола на растенијата и растителните производи и контрола на средствата за заштита на растенијата при увоз и извоз во прометот преку државната граница се определуваат постојаните гранични премини:

Железничка станица Табановце, Аеродром Петровец - Скопје, Пошта Скопје, "Блаце" - Скопје, "Табановце" - Куманово" - "Деве Баир" - Крива Паланка, "Делчево" - Делчево, "Ново Село" - Струмица, "Богородица" - Гевгелија, "Стар Дојран" - Дојран, "Меџитлија" - Битола, "Ќафасан" - Струга, Аеродром Охрид и "Блато" - Дебар.

Член 2

За вршење контрола на растенијата, растителните производи и средствата за заштита на растенијата на транзитни пратки преку територијата на Република Македонија се определуваат да бидат постојаните гранични премини: "Богородица" - Гевгелија, "Ново Село" - Струмица, "Табановце" - Куманово, "Ќафасан" - Струга, "Железничка станица Табановце" - Куманово, "Деве Баир" - Крива Паланка, "Меџитлија" - Битола, "Делчево" - Делчево и "Блаце" - Скопје.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за определување на гранични премини на кои ќе се врши увоз, извоз и транзит на растенијата, растителните производи и средствата за заштита на растенијата ("Сл.весник на РМ" бр. 49/98, 1/99 и 52/99).

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1878/1
25 април 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

**1914.**

Врз основа на член 103 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр. 44/95, 34/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 април 2000 година, донесе